Економија

# ЕВРОАМБАСАДОРОТ ЕРВАН ФУЕ ДРЖАВАТА ВО БИЗНИСОТ МОЖЕ ЕВРОПСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ

**Претприемништвото е блиско поврзано со малите и со средните претпријатија, кои се двигател на економскиот развој. Но, неопходно е одвојување на политиката од бизнисот и приспособување на економските политики на властите, според потребите на деловната заедница. При тоа, важно е да се олесни работењето на малите и на средните претпријатија и да се креира владина политика врз основа на нивните барања.**



Пишува: **Арсен КОЛЕВСКИ**



РАБОТЕЊЕТО НА МАЛИТЕ И НА СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА МОРА ЗНАЧИТЕЛНО ДА СЕ ОЛЕСНИ

# ПОЛИТИКАТА НАДВО ПА ЌЕ ВИ "ЗАИГРА"

Политиката сè уште има големо влијание врз бизнисот во Македонија, што ги одвраќа потенцијалните инвеститори да влезат во земјава, а го отежнува и работењето на веќе присутните инвеститори. Токму затоа неопходно е одвојување на политиката од бизнисот и приспособување на економските политики на властите според потребите на деловната заедница. Покрај ова, голем дел од македонските компании сè уште не ги применуваат ЕУ стандардите во своето работење. Европската иднина на Македонија и на целиот регион ќе зависи од умешноста и од успешноста сите заедно да се приспособат на европските критериуми. Нема економски развој на државите ако тој не се одвива во рамките на поширок регион. Токму во таа насока треба да бидат насочени и развојот и ширењето на претприемништвото, при што е потребно европските стандарди, вредности и критериуми задолжително да се имплементираат во сите сфери на работењето.

Ова накусо е констатирано на одбележувањето на "Европскиот ден на претприемачот", кој го организираше Европската бизнис асоцијација, во присуство на огромен број претставници од власта, од меѓународната заедница и бизнис секторот во државава, особено од малите и од средните претпријатија.

## БЕЗ ПОЛИТИЧКО ТУТОРСТВО

"Ниту ниските даноци ниту другите бизнис олеснувања не можат да се справат со политичката интервенција на власта во стопанството. Во изминативе месеци, неколку земји-членки на ЕУ се пожалија дека во земјава, во текот на своето работење се среќаваат со пречки поради политичкото влијание, кое често пати е пресудно. Сметам дека е моја должност, како пријател на оваа земја, во оваа рана фаза да ве предупредам дека ова може да има пречки врз развојот на земјата на патот кон европските интеграции", потенцираше европретставникот Ерван Фуере.

Притоа тој ја повтори пораката упатена уште од минатата година.

"Одделете ја политиката од бизнисот", изјави Фуере. Тој посочи дека е важно да се олесни работењето на малите и на средните претпријатија, да се креира владина политика врз основа на нивните барања и да се креираат други искуства, при што како пример ги наведе Словенија и Естонија. Според него, Владата веќе покажа дека посветува повеќе внимание на потребите на деловната заедница и креира средина која е пријателски расположена кон бизнисот.

"Ја користам оваа пригода да честитам за владината иницијатива за намалување на административните постапки", изјави Фуере, изразувајќи на-

### ВЛАДАТА ЌЕ ГО РАЗВИВА ПРЕТПРИЕМНИЧКИОТ ДУХ КАЈ МЛАДИТЕ

**Вицепремиерот Зоран Ставревски на манифестацијата "Европски ден на претприемачот", кој се одржа во хотелот "Холидеј Ин", истакна дека малите и средните претпријатија се двигатели на економскиот развој, преку креативноста, упорноста и подготвеноста за ризик. Ставревски најави дека Владата планира дури и да воведе предмет претприемништво во средните училишта за да го развива таквиот дух кај младите.**

## РЕ ПРЕДУПРЕДИ ДЕКА МЕШАЊЕТО НА ДА Ѝ ПОПРЕЧИ НА ЗЕМЈАТА НА ПАТОТ КОН

# Р ОД "ИГРА" - БИЗНИСОТ

деж дека таа иницијатива целосно ќе биде доведена до крај.

Сојузот на стопански комори активно учествуваше на "Европскиот ден на претприемачот", со свои презентации во определени сесии на одредени теми. Претприемништвото е блиско поврзано со малите и со средните претпријатија, кои се двигател на економскиот развој, а нивните претприемачи се тие кои преку својата креативност, упорност и подготвеност на ризик ја движат иновативноста во економијата.

Активни беа и стопанствениците. Тие се категорични дека економијата мора да се ослободи од државните и од партиските стеги.

"Се согласувам дека политиката треба помалку да се меша во бизнисот", вели Димитар Богданов, "Микросам" од Прилеп.

Со сличен став е и Љупчо Ивановски од "Гица" од Охрид.

"Има различни сопирачки од политиката, но сега тоа влијание малку е намалено", вели Ивановски.

На работните сесии организирани на овој настан учествуваа и владини претставници, меѓународни и локални експерти, претприемачи, студенти кои ќе дискутираат за развој на претприемништвото, ЕУ интеграцијата и европските перспективи на Р Македонија.

### ФЕР УСЛОВИ ЗА СИТЕ

Според вицепремиерот Зоран Ставревски, развојот на претприемништвото не може да им биде препуштен на индивидуалните иницијативи, туку е потребно создавање системски и фер услови за поттикнување на приватниот сектор и конкуренцијата.

"Најповолна средина за развој на претприемништвото е економија без бариери за влез на мали и на средни претпријатија, како и средина во која функционира систем на соработка и вмрежување меѓу бизнис заедницата, владините и образовните институции", порача вицепремиерот, кој додаде дека еден од најголемите предизвици со кои се среќаваат стопанствениците во Македонија е пристапот до поволни финансиски средства. Во таа насока тој напомна дека Владата презема реформи во финансискиот сектор, а работи и на проекти, меѓу кои е предвидена и посета на домашни менаџери во светски компании, кои ќе го пренесат искуството во домашните компании.

Стопанствениците се согласуваат дека политиката треба да го намали влијанието во бизнисите. Најмногу се соочувале со недостиг од квалитетна работна сила. За него, еден од најголемите предизвици со кои се среќаваат стопанствениците во Македонија, е пристапот до поволни финансиски средства. Во таа насока тој истакна дека Владата презема реформи во финансискиот сектор, а работи и на проекти меѓу кои е предвидена и посета на домашни менаџери во светски компании, кои ќе го пренесат искуството во домашните компании. Во тој контекст, Владата планира дури да воведе и предмет претприемништво во средните училишта, за да го развива таквиот дух кај младите генерации.

"Европскиот ден на претприемачот" се одржува со цел да се промовира претприемништвото, не само локално туку и да се поттикне меѓународната соработка.

За значењето на малите и на средните бизниси говореше и претседателот на Стопанска комора на Македонија, Бранко Азески, кој рече дека во ЕУ има 23 милиони мали и средни претпријатија, кои носат 50 отсто од бруто домашниот производ на Унијата. Кај нас, пак, тие се дури 98 отсто од сите активни фирми и преку нив се прекршуваат сите прилики и неприлики во економската сфера. "Европскиот ден на претприемачот" во Македонија се одбележува втор пат, а по тој повод беа доделени и награди на конкурсот за најдобри бизнис планови.

### КОМПАНИИТЕ МОРА САМИ ДА ДИШАТ

**"Мора да се води поголема сметка за односот меѓу бизнисот и политиката. Во изминатиот период влијанието на политиката врз бизнисите се намали, но мора да се има предвид дека компаниите мора да имаат простор да дишат", изјави претставникот на Европската унија во Македонија, Ерван Фуере.**

**Тој нагласи дека просторот за дишење на компаниите, освен од политиката, треба да им се овозможи и од банкарскиот сектор, кој сега, како што забележа, со своите рестриктивни позиции остава неискористени многу идеи.**




**ПОЛИТИКАТА ИТНО ДА ПРЕСТАНЕ ДА ВЛИЈАЕ ВРЗ БИЗНИСОТ ВО МАКЕДОНИЈА, ЗАШТО ТОА ГИ БРКА ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**